# МЕЃУНАРОДНА АЛИЈАНСА ЗА СЕЌАВАЊЕ НА ХОЛОКАУСТОТ

## ПРАВНО-НЕОБВРЗУВАЧКА РАБОТНА ДЕФИНИЦИЈА ЗА АНТИЦИГАНИЗАМ/ДИСКРИМИНАЦИЈА НА РОМИТЕ[1]

8 октомври 2020 г.

Признавајќи со загриженост дека занемарувањето на геноцидот врз Ромите придонело кон појава на предрасуди и дискриминација со коишто и денес се соочуваат многу ромски заедници[2] и прифаќајќи ја нашата одговорност да се спротивставиме на таквите форми на расизам и дискриминација (членови 4 и 7 од Министерската декларација на ИХРА од 2020 година, член 3 од Стокхолмската декларација), ИХРА ја донесува следнава работна дефиниција за антициганизам/дискриминација на Ромите:

Антициганизам/дискриминација на Ромите е манифестација на индивидуални искази и постапки, како и на институционални политики и практики на маргинализација, исклученост, физичко насилство, потценување на ромските култури и животни навики и говор на омраза против Ромите и други поединци и групи перцепирани како „цигани“, стигматизирани и прогонувани во периодот на нацизмот, но сѐ уште и денес. Ова доведува до тоа со Ромите да се постапува како со наводно непријателска група којашто се поврзува со бројни пејоративни стереотипи и искривоколчени слики, што претставува специфична форма на расизам.

За да се насочи работата на ИХРА на ова поле, прифатени се следните факти :

Антициганизам/дискриминација на Ромите постои со векови. Тоа беше суштински елемент на политиките на прогонување и уништување на Ромите спроведувани од нацистичка Германија и оние фашистички и екстремни националистички партнери и други соработници, кои учествувале во овие злосторства.

Антициганизмот/дискриминацијата на Ромите не започнува, ниту пак завршува со периодот на нацизмот, туку продолжува да биде клучен елемент на злосторствата извршени врз Ромите. И покрај значајните активности на Обединетите нации, Европската унија, Советот на Европа, Организацијата за безбедност и соработка во Европа и на други меѓународни организации, стереотипите и предрасудите против Ромите не се доволно одлучно делегитимизирани или дискредитирани, така да истите продолжуваат, без поголемо спротивставување, да опстојуваат и да се практикуваат.

[1] Се препорачува да се користи еквивалентен израз на националните јазици, Во Канада и САД се користи терминот расизам против Ромите.

[2] Зборот „Роми“ се користи како општ термин, кој опфаќа различни сродни групи, без оглед на тоа дали се работи за номадски групи или не, како што се Ромите, Ромите-патувачи, Роми патувачи во Франција (Gens du voyage), Resandefolket/De resande (Роми-патувачи во Норвешка и Шведска), Синти, Каминанти (патувачки семејства во Италија), Мануши-Роми од Франција, Калеи-Роми во Финска, Романишелс-Роми-Синти во Франција, Бојаши/Рудари, Ашкали, Еѓупци, Јениши, Доми, Ломи и Абдал, кои може да се разликуваат според нивната култура и животни стилови. Ова претставува објаснувачка фуснота, а не дефиниција за Ромите.

Антициганизмот/дискриминацијата на Ромите е повеќеслоен феномен којшто е општествено и политички широко прифатен. Тоа преставува суштинска пречка за вклучувањето на Ромите пошироко во општеството, оневозможувајќи им да уживаат еднакви права, можности и да придонесуваат во социјално-економскиот живот.

За да се илустрира антициганизмот/ дискриминацијата на Ромите, може да се дадат многу примери. Имајќи го предвид вкупниот контекст, современите манифестации на антициганизам/дискриминација против Ромите вклучуваат, но не се ограничени на следново:

- Искривоколчување или негирање на прогонувањето на Ромите или геноцидот врз Ромите.
- Глорификување на геноцидот врз Ромите.
- Поттикнување, оправдување и извршување на насилство врз ромските заедници, нивниот имот и врз Роми - поединци.
- Присилна и принудна стерилизација, како и друго насилно физичко и психолошко постапување со Ромите.
- Користење и афирмирање на дискриминирачки стереотипи за и против Ромите.
- Користење говор на омраза за да се обвинат Ромите за вистинските или перцепирани социјални, политички, културни, економски и проблеми во областа на јавното здравство.
- Стереотипизирање на Ромите како лица кои учествуваат во криминални активности.
- Користење на терминот „Циган“ како навреда.
- Одобрување или поттикнување на користење механизми насочени кон исклучување на Ромите врз основа на расно дискриминирачки претпоставки, како што се исклучување од редовните училишта и институционалните процедури или политики, а кои водат кон сегрегација на ромските заедници.
- Донесување политики без правна основа или воспоставување услови коишто овозможуваат произволно или дискриминирачко раселување на Ромските заедници и поединци.
- Посочување дека Ромите се колективно одговорни за вистински или перцепирани постапки на поединци - припадници на ромските заедници.
- Ширење говор на омраза против ромските заедници во било која форма, на пример преку медиумите, вклучително и преку интернет и социјалните мрежи.